## ДЕЛОВНИК ЗА РАБОТА

**Инструмент за реформи и раст за Западен Балкан**

**Комитет за следење МК-ЕУ**

Комитетот за следење на Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан (во натамошниот текст „Комитет за следење на ИРР за ЗБ“) е тело основано во согласност со член 25 од Спогодбата за инструмент склучена помеѓу Европската комисија и Северна Македонија за специфични аранжмани за спроведување на Финансиска помош од Унијата за Северна Македонија во рамките на Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан, во натамошниот текст „ ИРР за ЗБ “.

### Член 1
### Опсег и задачи

(1) Комитетот за следење на ИРР за ЗБ го проценува степенот и квалитетот на спроведување на сите реформи и инвестиции во насока на исполнување на целите утврдени во Реформската агенда и во Регулативата (ЕУ) 2024/1449. За таа цел, Корисникот треба да воспостави редовно и системско следење, и на политичко и на техничко ниво, и аранжмани за известување за да информира за напредокот кон постигнување на планираните резултати, со што ќе се осигури дека известувањето до Комисијата е правилно и сеопфатно.

(2) Комитетот за следење на ИРР за ЗБ дискутира за напредокот на спроведувањето во однос на поднесените двегодишни барања за ослободување на средства поднесени од релевантните партнери.

Комитетот за следење на ИРР за ЗБ може да дава предлози до Комисијата и до Координаторот на ИРР за подобрување на целокупната ефективност, влијание и одржливост на реформите и инвестициите, бидејќи сите ние осигуруваме подобра кохерентност и координација со помошта во рамките на ИПА III и финансиската помош од други донатори. За таа цел, каде што е соодветно, ги зема предвид заклучоците и препораките добиени од следењето и евалуациите отпочнати или од Комисијата или корисникот на ИРР.

(3) Комитетот за следење на ИРР за ЗБ за соодветната област на политика или област на реформи:

(a) го прегледува напредокот кон исполнување на целите, постигнување на планираните реформи и чекори и процена на влијанието и одржливоста на Реформската агенда, истовремено осигурувајќи кохерентност со дијалогот за политики, поврзаните централни и регионални секторски стратегии, столбовите 1 и 2 од Планот за раст и спроведувањето на ИПА III;

(б) ги презентира и дискутира годишните извештаи;
(в) ги испитува релевантните наоди и заклучоци, како и предлозите за корективни мерки што произлегуваат од следењето, евалуациите и ревизиите, доколку се достапни, и го прегледува акцискиот план изготвен по прегледот на системите;
(г) ги дискутира сите релевантни аспекти од функционирањето на системите за управување и контрола;
(д) ги дискутира сите проблематични прашања и дејства;
(ѓ) доколку е потребно, презема секакво дејство за да се осигури постигнувањето на целите и подобрувањето на ефективноста, влијанието и одржливоста на реформите и инвестициите во рамките на Реформската агенда;
(е) ги прегледува преземените мерки за информирање, публицитет, транспарентност, комуникација и видливост, во согласност со членовите 21 и 23.

**Член 2**
**Состав и претседателство**

(1) Комитетот за следење на ИРР за ЗБ се состои од претставници на Комисијата, на Владата корисник, вклучително и на Координаторот на Инструментот за реформи и раст (во натамошниот текст „координатор на ИРР“), и на други релевантни тела, како што се билатерални донатори, меѓународни организации, меѓународни финансиски институции, организации на граѓанското општество, организации од приватниот сектор и земји членки на ЕУ.
(2) Претставник на Европската комисија и на координаторот на ИРР копретседаваат со состаноците на Комитетот за следење на ИРР за ЗБ.

**Член 3**
**Секретаријат на Комитетот за следење на ИРР за ЗБ**

(1) Комитетот за следење на ИРР за ЗБ е потпомогнат од постојан „Секретаријат“. Секретаријатот е организиран од координаторот на ИРР со поддршка од Делегацијата на ЕУ.
(2) Секретаријат ги врши сите должности потребни за правилно извршување на работата на Комитетот за следење на ИРР за ЗБ, и особено:
а) собира и/или разработува и дистрибуира до сите членови Комитетот за следење на ИРР за ЗБ документите и материјалите (извештаи, анализи, предлози, презентации итн.) потребни за работата на Комитетот;
б) организира и спроведува подготовка на состаноците на Комитетот и

помага во неговите активности;

в) ги изготвува оперативните заклучоци од состаноците на Комитетот за следење на ИРР за ЗБ и ги консолидира извештаите;

г) е одговорен за чување на документација на Комитетот за следење на ИРР за ЗБ;

д) осигурува публицитет, како што е соодветно, во врска со работата на Комитетот за следење на ИРР за ЗБ; и

ѓ) врши други должности поврзани со работата на Комитетот за следење на ИРР за ЗБ доделени од координаторот на ИРР.

(3) Секретаријатот е точка за контакт за Комитетот за следење на ИРР за ЗБ и целата кореспонденција во врска со активностите на Комитетот се адресира до него.

**Член 4**
**Состаноци на Комитетот за следење на ИРР за ЗБ**

(1) Комитетот за следење на ИРР за ЗБ се состанува најмалку еднаш годишно по поднесувањето на годишниот извештај. Во согласност со член 25(1) од Спогодбата за инструмент, првиот Комитет за следење се состанува најдоцна 6 месеци од влегувањето во сила на Спогодбата. Ад хок состаноци може да се свикаат и на иницијатива на Европската комисија или координаторот на ИРР.

(2) Секретаријатот ги испраќа поканите во писмена форма заедно со нацрт-дневниот ред петнаесет дена пред датумот на состанокот на Комитетот за следење на ИРР за ЗБ. Дополнителните документи треба да се достават најмалку десет дена пред состанокот. Информациите и сите потребни документи и материјали може да се достават по е-пошта.

(3) Членовите на Комитетот за следење на ИРР за ЗБ можат да доставaт предлози за измени на дневниот ред во писмена форма, упатени до Секретаријатот, најдоцна десет дена пред состанокот. Сите измени на дневниот ред по овој рок може да се направат само со консензус меѓу членовите на Комитетот.

(4) Комитетот за следење на ИРР за ЗБ го донесува својот дневен ред на почетокот на секој состанок.

(5) Работен јазик на Комитетот за следење на ИРР за ЗБ е англискиот јазик. Корисникот обезбедува симултан превод од и кон националниот службен јазик и превод на документи кога е потребно.

**Член 5**
**Учество на состаноците на Комитетот за следење на ИРР за ЗБ**

(1) Членовите на Комитетот за следење на ИРР за ЗБ наведени во Анекс 1 учествуваат на состаноците на Комитетот на постојана основа.

(2) Во случаи кога член не е во можност да учествува на состанок на Комитетот, тој/таа

може да биде заменет од неговиот/нејзиниот заменик.

(3) Координаторот на ИРР ја информира Комисијата и сите членови на Комитетот за составот на Комитетот. Сите предлози за промени во учеството во Комитетот се доставуваат до Секретаријатот најмалку десет дена пред неговиот состанок.

(4) Доколку е соодветно, како што е наведено во Анекс 2, дополнителни учесници од меѓународни организации, вклучително и меѓународни финансиски институции и други засегнати страни, како што се земјите членки на ЕУ, организации од граѓанското општество и приватниот сектор, се поканети да учествуваат на ад хок состаноците.

(5) Секретаријатот ги избира организациите од граѓанското општество со цел да се обезбеди хомогена мешавина од секторска експертиза. Притоа, Секретаријатот бара од Владиниот совет за соработка на граѓанските организации да номинира претставници на граѓанските организации по сектор. Предлогот ќе се прати до Секретаријатот најмалку еден месец пред соодветниот состанок. Во овој поглед, доколку се смета за соодветно, Делегацијата на ЕУ или координатор на ИРР може да предложат дополнителни претставници на граѓанското општество.

(6) Списокот на поканети лица наведен во Анекс 1 и Анекс 2 се договара со Комисијата.

**Член 6**
**Записници од состаноците**

(1) Секретаријатот составува нацрт-оперативни заклучоци и препораки, како и записници од секој состанок на Комитетот за следење на ИРР за ЗБ.

(2) Нацрт-оперативните заклучоци се доставуваат до членовите на Комитетот за следење на ИРР за ЗБ за коментари или корекции во рок од десет дена по состанокот. Нацрт-верзијата на записникот, кој го содржи дневниот ред на состанокот и списокот на учесници, им се доставува на учесниците во рок од дваесет дена по состанокот. Записникот од претходниот состанок е официјално се донесува на следниот состанок на Комитетот за следење на ИРР за ЗБ.

(3) Оперативните заклучоци од состанокот се објавуваат на веб-страницата на Инструментот за реформи и раст.

(4) Оперативните заклучоци се предмет на соодветно следење и преглед на следните состаноци на комитетот.

**Член 7**
**Кодекс на однесување**

(1) Членовите и учесниците на Комитетот за следење на ИРР за ЗБ учествуваат во

воспоставувањето, одржувањето и спроведувањето на високи стандарди на однесување на Комитетот за следење на ИРР за ЗБ и лично ги почитуваат тие стандарди, со цел да се зачува интегритетот на Комитетот.

(2) Членовите и учесниците на Комитетот за следење на ИРР за ЗБ не го користат своето членство и учество во Комитетот за да стекнат каква било корист или привилегија за себе или за други.

**Член 8**
**Завршни одредби**

(1) Сегашниот Деловник за работа на Комитетот треба да се одобри од неговите членови на првиот состанок.

(2) Деловникот за работа може да биде изменет од Комитетот по писмени предлози од кој било од членовите, проследени со дискусии, и со согласност на координаторот на ИРР и Комисијата.

**Анекс 1: Членови на Комитетот за следење**

1. Координатор на ИРР;
2. Претставници на Европската комисија;
3. Претставници на Делегацијата на ЕУ во Северна Македонија;
4. Претставници на Министерството за финансии, Министерството за европски прашања и/или други институции вклучени во управувањето и контролата на ИРР;
5. НИПАК и/или неговата канцеларија;
6. Одделението АФКОС
7. Централната единица за хармонизација;
8. Врховната ревизорска институција (Државен завод за ревизија);
10. Претставници на други релевантни тела во согласност со член 2(1).

**Анекс 2: Учесници во Комитетот за следење**

Дополнителни претставници на следните засегнати страни може да бидат поканети ад хок да присуствуваат на состаноците на Комитетот за следење на ИРР за ЗБ, притоа не ограничувајќи се на:

1. Релевантни министерства, агенции и крајни корисници;
2. Организации на граѓанското општество, економски оператори и социјални партнери;
3. Академија и универзитети;
4. Меѓународни организации и финансиски институции;
5. Претставници на земјите членки;
6. Секое друго тело или лице кое може да се смета за соодветно.